**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

## Од ДВАЕСЕТТАТА седница на
## Советот на Општина Гази Баба,
## одржана на 30.01.2019 година

**СКОПЈЕ, ЈАНУАРИ 2019 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Дваесеттата седница на**
**Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 30.01.2019 година**

Седницата започна во 16,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Гази Баба - **Тони Бојковски**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба и претставници од општинската администрација.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Нацрт - Записникот од **Деветнаесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба се подготвува и ќе биде доставен со материјалот за работа на Дваесет и првата седница на Советот на Општина Бази Баба.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Пред утврдување на дневниот ред за работата на седницата, го информираше Советот на Општина Гази Баба за постапување по пријава за бесправна градба, од страна на комисијата за урбанизам, комунални работи и сообраќај и заштита на животната средина на Советот на Општина Гази Баба, раководителот на секторот за урбанизам и градежно земјиште и овластенот градежен инспектор на Општина Гази Баба, на 26.01.2019 година.

Истовремено го информираше Градоначалникот на Општина Гази Баба за потребата од отварање на канцеларија за пратениците во Собранието на Република Македонија.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Сосема накратко да упатам забелешка околу начинот на свикување на оваа седница. И да не бидам разбран погрешно, одредбите околу свикување на вонредна седница се сосема јасни во Статутот и Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, односно итноста за свикување на седницата треба и мора да биде образложена. Тоа не е случај со свикувањето на оваа седница. Но сепак е добро да разговараме внатре во општината а не преку медиумите. Советот може да свикува седници по редовна постапка односно да има најмалку седум дена пред денот определен за одржување на седницата. Втората работа за која сакам да ве информирам а е поврзана со точката за која сме известени дека ќе биде предложена

за работата на оваа седница на советот. Имано, извршена е посета во домот на госпоѓата Снежана Крстевска од страна на тројца службеници од општинската администрација и изготвен е извештај бр.08-442/1 од 30.01.2019 година, кој ви е доставен (ја цитираше констатираната состојба наведена во извештајот). Видно од извештајот, таа не го исполнила условот за стекнување на инвалидска пензија, има нарушени односи со својот брат и никогаш не се обратила за помош до општината. Во меѓувреме во соработка со ЈП "Водовод и канализација" - Скопје се интервенира на лице место а управниот одбор на претпријатието ќе донесе соодветна одлука за ослободување од плаќање на надоместок за потрошена вода.

Би сакал да го информирам Советот дека согласно моите овластувања и надлежности веќе е во процедура исплата на еднократна парична помош во висина од 25.000,00 денари. Советот треба добро да размисли дали е потребно дополнително да носи одлука за издвојување на средства без никаков правен основ и критериуми врз основа на кои може да се издвојат средства од Буџетот на општината. Станува збор за ранливи категории на луѓе и непотребно е со тоа да се манипулира. Што се однесува до сите други работи, можеме да помогнеме. Ако е потребно реновирање на бараката во која живее, тоа може да се среди. Ако е потребно парично да се помогне, јас сум спремен да ја одвојам целата моја плата а се надевам дека и вие сте спремни да одвоите средства од вашите месечни надоместоци за присуство на седниците на советот. Но не го правете тоа на ваков начин, односно да носите одлука без никаков правен основ.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Член 15 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба е сосема јасен, односно како членови на советот имаме право да побараме свикување на седница на советот. Ние никаде немаме побарано вонредна седница на советот. Ако говориме за дневна политика тогаш не требаше да ја злоупотребувате општината за ваша политичка реакција, и на веб страницата на општината да пласирате соопштенија со политичка конотација. Вие немате право со општински ресурси да спроведувате политика на вашата политичка партија. Можете да дадете демант во име на општината, но не во име на вашата политичка партија. За ова ќе поднесам соодветна претставка. Понатаму, истакнувате дека госпоѓата не се обратила до вас и не побарала помош. Не è вистина, на вашиот личен facebook профил од страна на личен профил од синот Љубомир Крстевски на 15.01.2019 година ви испратиле две пораки со опишување на целокупната состојба, Вие не сте презеле ништо. Од тие причини јас и координаторот на советничката група бевме во посета на госпоѓата и оттука произлезе иницијативата за свикување на оваа седница. Вие не требало да праќате службеници за да ја констатираат состојбата, туку требало лично вие да ја посетите за да видите во каква здравствена состојба е и во какви услови живее. Ако говориме за популизам, токму вие денес од оваа говорница избрзавте и пред советот да донесе одлука, изјавивте дека ќе и исплатите еднократна парична помош. Што се однесува до законитоста на оваа Предлог-Одлука, истата е законита од причина што советот го носи Буџетот на општината и за исплата на средства во износ над 50.000,00 денари одлучува советот.

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Во Статутот на Општина Гази Баба точно е наведено што е итна седница. Точно е дека треба да се помогне, но тоа во овој случај не се прави на итна седница, сакајќи вие тоа да го признаете или не. Тоа покажува дека имате двојни аршини и го злоупотребувате мнозинството во советот. Поплави, пожари и елементарни

непогоди се основни причини кои можат да доведат до свикување на итна седница. Таму каде вие сметате дека имате потреба и треба да поентирате, го злоупотребувате тоа право. Оваа седница го покажува токму тоа.

Член на Совет - **Елизабета Стојменова** (коалиција "За подобра Македонија"):

Колега Ристов очигледно е дека имате комплекс од тој еден човек плус што го сочинува мнозинството во Советот. И на минатите седници ви напоменав и сега повторно ќе ви напоменам - помирете се со фактот дека мнозинството во Советот го има ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата "За подобра Македонија". Пробувате на сила, па вие на сила го променивте уставното име на државата и ова е жално што го правите.

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Барам од стручната служба оваа демонстрација на сила од колешката Стојменова да влезе во записник.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

За работата на седницата со **14 гласа "ЗА" и 2 гласа "ВОЗДРЖАН"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за одобрување на исплата на еднократна парична помош.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за одобрување на исплата на еднократна парична помош.**

Претседателот на комисијата за финансии и Буџет - **д-р Сашо Кутлешовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 30.01.2019 година.

Комисијата предлага Советот да го донесе следниот материјал:

- Предлог - Одлука за одобрување на исплата на еднократна парична помош.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Искрено мислев дека досега ќе завршевме и едногласно ќе ја донесевме оваа Предлог-Одлука. Не станува збор за никаков популизам и искрено сум изненаден од оскудниот извештај, бр.08-442/1 од 30.01.2019 година, доставен до советот. При секој дожд таму е своевидна елементарна непогода. И како што кажа Градоначалникот, треба и на друг начин да се помогне. Верувајте дека несреќата која ја има снајдено таа особа е голема.

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Во врска со мојата претходна дискусија, околу начинот на свикување на седницата, не станува збор за нечија желба за свикување на седница, туку за правила кои постојат и мора да се почитуваат. Сите сме тука сложни дека треба да се помогне, но не слушнав ниту еден советник, намерно или не, да се произнесе по однос на предлогот на Градоначалникот на општината во врска со одвојување на лични средства за да се помогне !.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Душегрижници има многу во државата, но никој не сака конкретно да помогне, и тоа е факт. Да разјасниме, мојот facebook профил е мој личен профил а не è профил на општината. Тука ми пишуваат секојдневно и јас ги чувам сите пораки вклучително и спомнатите две пораки. Предлагам јас како Градоначалник на општината да ја донирам својата плата од 70.000,00 денари, како износ кој е наведен во предложената одлука на оваа седница, се со цел да не се мачите и да ја донесувате оваа Предлог-Одлука. Претходно спомнатите 25.000,00 денари ќе се исплатат од причина што имам право на тоа и тоа се однесува на претрпената душевна болка која личноста ја има од претрпената загуба односно трагично починатиот син. Јас својата плата ќе ја донирам и дополнително се обврзувам врз основа на техничка спецификација и од пријатели на оваа општина да се помогне околу реновирање на бараката во која живее. Вие како гест од ваша страна за почеток можете да донирате дел од вашиот месечен надоместок за присуство на седниците на советот.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Да отидевте во домот вие ќе побаравте свикување на седница. Ние бевме во домот и понудивме уште истата вечер да направиме се што е потребно за привремено да биде сместена во дом. На тој предлог добивме одговор дека нема намера да биде сместена во дом и има намера да почине тука. Условите се многу лоши и од тие причини поднесовме барање за свикување на седницата. Градоначалник, на вашиот личен профил на 15.01.2019 година има две пораки и јас лично ги видов. Популизам е од говорница што се откажувате од вашата плата, тоа е популизам. Има механизам од средствата на општината да се помогне. Упатувам апел заеднички да ја донесеме оваа Предлог-Одлука. Не се работи за политика туку за човечност. Што се однесува до предлогот, јас лично сум согласен да одвоиме дел од нашиот месечен надоместок.

Член на Совет - **м-р Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија"):

На страната на општината прочитав, цитирам *"Тажно е што живееме во општество кога случаите како Снежана Крстевска од Ченто, се користат за медиумска манипулација, критики на социјалните мрежи без да се проверат фактите ........ "*. Многу невкусно напишано и нема потреба да се коментира. Колегите беа во домот на Снежана Крстевска и ни го пренесоа тоа што го видоа. За потсетување до Градоначлникот, во н.м Јурумлери пред недела-две се фотографиравте со министерот за внатрешни работи на настанот во врска со проектот за реализација на вакумската канализација. На тој настан не бевме ниту поканети како совет. Целиот тој проект си го препишавте лично на вас иако ние како совет ја донесовме одлуката. Само уште едно дополнување, веќе неколку пати од

ваша страна како предлагач биле предлагани материјали на истиот начин на сама седница и секогаш сме биле конструктивни и сме излегувале во пресрет. Од оваа говорница денес велите дека и повеќе средства ќе одвоите а советниците од вачата партија не гласаа за дневниот ред за работа на седницата на советот. Јас ќе гласам за донесување на оваа Предлог-Одлука.

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Уште еднаш ќе истакнам, констатација е дека таму каде некому одговара правилата важат, а таму каде некому не му одговара, тогаш истите тие правила неважат. Ајде да формираме комисија каде двете советнички групи по увид на терен ќе се согласат и ќе донесат заедничка одлука. Неможе некому оваа општина да му биде мајка а некому маќеа. Ова е ситуација која е различна од претходните. Ние мора да бидеме еднакви кон сите. Ваков случај имавме и претходно со лице од н.м Вардариште. За едно сме едно а за други сме друго. Уште еден момент е вреден да се спомне, а го истакнав на минатата седница, а тоа е дека нема потреба од глумење на чувствителност. И ние сме да се реализира, но тоа мора да биде по правила. Има премногу политка во оваа работа. Затоа е потребно да се одважиме и да функционираме како треба и притоа сите граѓани да ги гледаме подеднакво.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Верувајте дека да не беше статусот на facebook ние немаше да знаеме дека таа особа е жител на нашата општина. Институциите потфрлиле, цел месец на - 15 степени да живее особа ?. Па здрав човек да è ќе се разболи. Институциите потфрлиле, дали е тоа министерство за здравство или Црвен крст кој донирал помош. За илустрација, зарем беше во ред да се инсистира на свикување на седница на совет кога тоа беше случај со донесувањето на ДУП, а сега не è во ред ?. Да ја затвориме оваа работа без многу политика. Има понуди и од граѓани кои за овој конкретен случај сакаат да помогнат на најразличен начин. Може и да се формира посебна комисија која на лице место ќе пренесе што точно е потребно за да се помогне. Наше како совет е да се ангажираме и да помогнеме. Околу предлогот за одвојување на дел од нашиот месечен надомест за присуство на седниците, јас сум лично против од причина што тоа ми е единствениот приход за егзистенција, моја и на моето семејство.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Човечноста се гледа во конкретните предлози. Колку и да имаме добра волја да помогнеме, верувајте дека нема правен основ за донесување на оваа Предлог-Одлука. Пак ќе повторам дека нема потреба за донесување на оваа Предлог-Одлука, јас мојата плата ќе ја донирам и уште утре тие средства ќе бидат уплатени. Потребно е да се направи анализа што конкретно е потребно за да се помогне. Мора да имаме разбирање и чувствителност но тоа е една работа а друга работа е законската основаност за донесување на оваа Предлог-Одлука. Сите треба да се вклучиме околу помош.

Член на Совет - **Зоран Стојанов** (коалиција предводена од СДСМ):

И јас мислам дека сето ова е безпотребно. Ние не гласавме за предложениот дневен ред не затоа што не сакаме да помогнеме, туку затоа што не è во согласност со процедурата свикувањето на седницата. На лице место вработени во ЈП

"Водовод и канализација" - Скопје веќе работат и се прави нова линија за да може госпоѓата да се поврзе. Една работа е чувствителност и загриженост а сосема друга работа е кршење на законот и ставање на потпис на нешто за што подоцна ќе се одговара. Утре пред суд ако сте потпишале нешто противзаконски, ќе одите во затвор. Ако има некоја друга можност на друг начин да се исплатат средства, тогаш во ред. Кога сте одговорно лице и ставате потпис, различно е и одговорноста е голема. Мој предлог е да не се инсистира на донесување на Предлог-Одлуката за да не се избрза. Може на друг начин да се помогне, преку фирми итн.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Едно се говори, друго се мисли, трето се прави !. Со кој закон вие директоре Стојанов правите нова водоводна линија за физичко лице. Како некому правите нова водоводна линија ?, и вие треба да одговарате. Ова што од оваа говорница го кажавте не è нормално. Сега Градоначалникот може да оди во затвор а вие што правите нова водоводна линија без законска основа, нема да одговарате !?. Колеги дајте да ја донесеме оваа Предлог-Одлука, за да не ни умре жената.

Член на Совет - **Зоран Стојанов** (коалиција предводена од СДСМ):

Не се грижете за мене Претседателе, јас знам на што ставам потпис. Кај нас има управен одбор кој одлучува за овие работи и носи одлука за да се помогне на определена категорија на луѓе.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за одобрување на исплата на еднократна парична помош, со **14 гласа "ЗА"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - **Тони Бојковски** ја заклучи Дваесеттата седница на Советот на Општина Гази Баба, во 17,35 часот.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски**